**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**Су-04 бр.46/2021**
**28.12.2021 година**
**О х р и д**

Врз основа на чл.2, чл.3 ст.2, чл.119 и чл.121 ст.1, 2 и 3 од Законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.43/14), како и чл. 50 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Охрид и известувањето од Министерството за финансии бр.08-894/4 од 15.11.2021 година, Основниот суд Охрид на ден 28.12.2021 година

**О Б Ј А В У В А**

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2021**

**за вработување на 1 (едно) лице на работно место припадник на судска полиција на неопределено време**

**1. судски полицаец – 1 (еден) извршител**

Посебни услови предвидени со чл.119 од Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Охрид:

- да не е постаро од 25 години

-да е физички и психички способен за вршење на работите од судската полиција

- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место – најмалку средно образование

- да поседува општи и посебни работни компетенции потребни за работното место

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори или уверение од меѓународна институција, на А1 (А1) ниво на ЦЕФР (CEFR), односно BULATS или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат

- со или без работно искуство

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Охрид, кандидатот треба да ги исполнува и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Македонија,

- активно да го користи македонскиот јазик,

- да е полнолетен,

- да има општа здравствена способност за работното место и

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Работно време 40 часа неделно, сменско и  работење во турнус.

Основна нето плата 20.700,00 денари

Времетраење на работниот однос: неопределено

Кандидатите се должни да поднесат молба за вработување и докази за исполнување на општините и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса и контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ОСНОВЕНСУД ОХРИД**

**Бул.„ М. Просветители“ бр.10  Охрид**

**(со назнака за Јавен оглас број - 2/21)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.